| 19.10.2014 15:00 | с.Лабуништа | ФК ЛАБУНИШТА 2011 - ФК Лисолај 2010 | 1:1 |

**Коло 10**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 26.10.2014 14:00 | нас.Тефериќ | ФК ФЛАМУРТАРИ - ФК Лисолај 2010 | 1:1 |
| 25.10.2014 14:00 | Новаци | ЗФК НОВАЦИ 2005 - ФК ЛАБУНИШТА 2011 | 3:1 |
| 26.10.2014 14:00 | Ресен | ФК ПРЕСПА - ФК КАРАОРМАН | 1:0 |
| 26.10.2014 14:00 | Струга | ФК ВЛАЗНИМИ - ФК ВУЛКАН | 6:0 |
| 26.10.2014 14:00 | Дебар | ФК КОРАБИ - ФК КРАВАРИ | 3:0 |
| 26.10.2014 14:00 | Струга | ФК ВЕЛЕШТА - ФК ЛИРИА | 6:2 |

**Коло 11**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 02.11.2014 14:00 | Струга | ФК ЛИРИА - ФК ФЛАМУРТАРИ | 2:2 |
| 02.11.2014 14:00 | Кравари | ФК КРАВАРИ - ФК ВЕЛЕШТА | 1:2 |
| 02.11.2014 14:00 | с. Косел Охрид | ФК ВУЛКАН - ФК КОРАБИ | 1:2 |
| 02.11.2014 14:00 | Струга | ФК КАРАОРМАН - ФК ВЛАЗНИМИ | 3:0 службено |
| 02.11.2014 14:00 | с.Лабуништа | ФК ЛАБУНИШТА 2011 - ФК ПРЕСПА | 2:1 |
| 02.11.2014 14:00 | С.Лисолај | ФК Лисолај 2010 - ЗФК НОВАЦИ 2005 | 6:1 |

**Коло 12**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 14.03.2015 15:00 | нас.Тефериќ | ФК ФЛАМУРТАРИ - ЗФК НОВАЦИ 2005 | 0:0 |
| 14.03.2015 15:00 | С.Лисолај | ФК Лисолај 2010 - ФК ПРЕСПА | 0:1 |
| 14.03.2015 15:00 | с.Лабуништа | ФК ЛАБУНИШТА 2011 - ФК ВЛАЗНИМИ | 2:1 |
| 14.03.2015 15:00 | Струга | ФК КАРАОРМАН - ФК КОРАБИ | 1:0 |
| 14.03.2015 15:00 | с. Косел Охрид | ФК ВУЛКАН - ФК ВЕЛЕШТА | 0:2 |
| 14.03.2015 15:00 | Битола | ФК КРАВАРИ - ФК ЛИРИА | 4:0 |

**Коло 13**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 22.03.2015 15:00 | Битола | ФК КРАВАРИ - ФК ФЛАМУРТАРИ | 1:0 |
| 22.03.2015 15:00 | нас.Тефериќ | ФК ЛИРИА - ФК ВУЛКАН | 3:2 |
| 22.03.2015 15:00 | Струга | ФК ВЕЛЕШТА - ФК КАРАОРМАН | 2:1 |
| 22.03.2015 15:00 | Дебар | ФК КОРАБИ - ФК ЛАБУНИШТА 2011 | 3:1 |
| 22.03.2015 15:00 | Струга | ФК ВЛАЗНИМИ - ФК Лисолај 2010 | 2:1 |
| 22.03.2015 15:00 | Ресен | ФК ПРЕСПА - ЗФК НОВАЦИ 2005 | 1:0 |

## Коло 14

| | | | |
|---|---|---|---|
| 28.03.2015 15:00 | нас.Тефериќ | ФК ФЛАМУРТАРИ - ФК ПРЕСПА | 1:0 |
| 28.03.2015 15:00 | Могила | ЗФК НОВАЦИ 2005 - ФК ВЛАЗНИМИ | 1:0 |
| 01.04.2015 16:00 | С.Лисолај | ФК Лисолај 2010 - ФК КОРАБИ | 2:0 |
| 29.03.2015 11:00 | с.Лабуништа | ФК ЛАБУНИШТА 2011 - ФК ВЕЛЕШТА | 3:4 |
| 28.03.2015 15:00 | Струга | ФК КАРАОРМАН - ФК ЛИРИА | 2:0 |
| 29.03.2015 16:00 | с. Косел Охрид | ФК ВУЛКАН - ФК КРАВАРИ | 2:2 |

## Коло 15

| | | | |
|---|---|---|---|
| 04.04.2015 16:00 | с. Косел Охрид | ФК ВУЛКАН - ФК ФЛАМУРТАРИ | 0:1 |
| 05.04.2015 16:00 | Битола | ФК КРАВАРИ - ФК КАРАОРМАН | 2:1 |
| 05.04.2015 16:00 | нас.Тефериќ | ФК ЛИРИА - ФК ЛАБУНИШТА 2011 | 2:0 |
| 05.04.2015 16:00 | Струга | ФК ВЕЛЕШТА - ФК Лисолај 2010 | 1:0 |
| 05.04.2015 16:00 | Дебар | ФК КОРАБИ - ЗФК НОВАЦИ 2005 | 3:4 |
| 05.04.2015 16:00 | Струга | ФК ВЛАЗНИМИ - ФК ПРЕСПА | 4:2 |

## Коло 16

| | | | |
|---|---|---|---|
| 11.04.2015 16:30 | нас.Тефериќ | ФК ФЛАМУРТАРИ - ФК ВЛАЗНИМИ | 2:1 |
| 11.04.2015 16:30 | Ресен | ФК ПРЕСПА - ФК КОРАБИ | 5:2 |
| 11.04.2015 16:30 | Новаци | ЗФК НОВАЦИ 2005 - ФК ВЕЛЕШТА | 3:0 |
| 11.04.2015 16:30 | С.Лисолај | ФК Лисолај 2010 - ФК ЛИРИА | 3:0 |
| 11.04.2015 16:30 | с.Лабуништа | ФК ЛАБУНИШТА 2011 - ФК КРАВАРИ | 3:1 |
| 11.04.2015 16:30 | Струга | ФК КАРАОРМАН - ФК ВУЛКАН | 3:1 |

## Коло 17

| | | | |
|---|---|---|---|
| 19.04.2015 16:30 | Струга | ФК КАРАОРМАН - ФК ФЛАМУРТАРИ | 4:1 |
| 19.04.2015 16:30 | с. Косел Охрид | ФК ВУЛКАН - ФК ЛАБУНИШТА 2011 | 0:1 |
| 19.04.2015 16:30 | Кравари | ФК КРАВАРИ - ФК Лисолај 2010 | 1:1 |
| 19.04.2015 16:30 | Струга | ФК ЛИРИА - ЗФК НОВАЦИ 2005 | 2:2 |
| 19.04.2015 16:30 | Струга | ФК ВЕЛЕШТА - ФК ПРЕСПА | 1:0 |
| 19.04.2015 16:30 | Дебар | ФК КОРАБИ - ФК ВЛАЗНИМИ | 4:4 |

## Коло 18

| | | | |
|---|---|---|---|
| 26.04.2015 16:30 | нас.Тефериќ | ФК ФЛАМУРТАРИ - ФК КОРАБИ | 3:0 |
| 26.04.2015 16:30 | Струга | ФК ВЛАЗНИМИ - ФК ВЕЛЕШТА | 1:2 |
| 26.04.2015 16:30 | Ресен | ФК ПРЕСПА - ФК ЛИРИА | 3:0 |
| 26.04.2015 16:30 | Новаци | ЗФК НОВАЦИ 2005 - ФК КРАВАРИ | 2:0 |
| 26.04.2015 16:30 | С.Лисолај | ФК Лисолај 2010 - ФК ВУЛКАН | 3:0 Службено |
| 26.04.2015 16:30 | с.Лабуништа | ФК ЛАБУНИШТА 2011 - ФК КАРАОРМАН | 1:0 |

## Коло 19

| | | | |
|---|---|---|---|
| 03.05.2015 17:00 | с.Лабуништа | ФК ЛАБУНИШТА 2011 - ФК ФЛАМУРТАРИ | 0:1 |
| 03.05.2015 17:00 | Струга | ФК КАРАОРМАН - ФК Лисолај 2010 | 4:2 |
| 03.05.2015 17:00 | с. Косел Охрид | ФК ВУЛКАН - ЗФК НОВАЦИ 2005 | 2:4 |
| 03.05.2015 17:00 | Кравари | ФК КРАВАРИ - ФК ПРЕСПА | 2:3 |
| 03.05.2015 17:00 | нас.Тефериќ | ФК ЛИРИА - ФК ВЛАЗНИМИ | 2:1 |
| 03.05.2015 17:00 | Струга | ФК ВЕЛЕШТА - ФК КОРАБИ | 4:2 |

## Коло 20

| | | | |
|---|---|---|---|
| 10.05.2015 17:00 | нас.Тефериќ | ФК ФЛАМУРТАРИ - ФК ВЕЛЕШТА | 0:0 |
| 10.05.2015 17:00 | Дебар | ФК КОРАБИ - ФК ЛИРИА | 3:0 |
| 10.05.2015 17:00 | Струга | ФК ВЛАЗНИМИ - ФК КРАВАРИ | 3:0 |
| 10.05.2015 17:00 | Ресен | ФК ПРЕСПА - ФК ВУЛКАН | 3:0 |
| 09.05.2015 17:00 | Новаци | ЗФК НОВАЦИ 2005 - ФК КАРАОРМАН | 4:2 |
| 10.05.2015 17:00 | С.Лисолај | ФК Лисолај 2010 - ФК ЛАБУНИШТА 2011 | 4:2 |

## Коло 21

| | | | |
|---|---|---|---|
| 17.05.2015 17:00 | С.Лисолај | ФК Лисолај 2010 - ФК ФЛАМУРТАРИ | 3:0 |
| 17.05.2015 17:00 | с.Лабуништа | ФК ЛАБУНИШТА 2011 - ЗФК НОВАЦИ 2005 | 1:0 |
| 17.05.2015 17:00 | Струга | ФК КАРАОРМАН - ФК ПРЕСПА | 4:3 |
| 17.05.2015 17:00 | с. Косел Охрид | ФК ВУЛКАН - ФК ВЛАЗНИМИ | 3:7 |
| 17.05.2015 17:00 | Кравари | ФК КРАВАРИ - ФК КОРАБИ | 0:0 |
| 17.05.2015 17:00 | Струга | ФК ЛИРИА - ФК ВЕЛЕШТА | 7:9 |

## Коло 22

| | | | |
|---|---|---|---|
| 24.05.2015 17:30 | нас.Тефериќ | ФК ФЛАМУРТАРИ - ФК ЛИРИА | 2:1 |
| 24.05.2015 17:30 | Струга | ФК ВЕЛЕШТА - ФК КРАВАРИ | 2:1 |
| 24.05.2015 17:30 | Дебар | ФК КОРАБИ - ФК ВУЛКАН | 5:3 |
| 24.05.2015 17:30 | Струга | ФК ВЛАЗНИМИ - ФК КАРАОРМАН | 5:0 |
| 24.05.2015 17:30 | Ресен | ФК ПРЕСПА - ФК ЛАБУНИШТА 2011 | 3:0 Службено |
| 23.05.2015 17:30 | Новаци | ЗФК НОВАЦИ 2005 - ФК Лисолај 2010 | 3:1 |

NO IMAGE AVAILABLE

# Листа на стрелци

*Организација: (23) Општински Фудбалски Сојуз СТРУГА*
*Натпреварување: Трета лига - ЈУГОЗАПАД 14/15 - 2014/2015*
*ВКУПНО РЕЗУЛТАТИ: 145*

**14**
Момировски Игор (ФК ПРЕСПА)

**13**
Лимани Џавит (ФК ВЛАЗНИМИ)

**12**
Клобучишта Хабиб (ФК КОРАБИ)
Салиу Пајазит (ФК ВЛАЗНИМИ)
Спахију Фуат (ФК КОРАБИ)
Ќелешоски Ивица (ФК КАРАОРМАН)

**10**
Ангелевски Стевче (ФК Лисолај 2010)
Муча Бљерон (ФК КОРАБИ)
Полиси Арди (ФК ВЛАЗНИМИ)
Хани Фартам (ФК ВЕЛЕШТА)

**9**
Усеини Доријан (ФК ЛАБУНИШТА 2011)

**8**
Даути Фатмир (ФК ЛИРИА)

**7**
Ристевски Илче (ЗФК НОВАЦИ 2005)
Талевски Сашо (ФК Лисолај 2010)
Хани Гент (ФК ВЕЛЕШТА)
Шаќири Артан (ФК ЛИРИА)

**6**
Бимбилоски Боге (ФК ВУЛКАН)
Далчески Климе (ФК КАРАОРМАН)
Етеми Бетим (ФК ФЛАМУРТАРИ)
Каба Алберт (ФК КОРАБИ)
Крека Сеит (ФК ФЛАМУРТАРИ)
Милевски Методија (ФК КАРАОРМАН)
Петровски Менде (ЗФК НОВАЦИ 2005)
Пластиновски Нико (ФК ПРЕСПА)
Стефановски Валентин (ФК Лисолај 2010)
Талевски Илче (ЗФК НОВАЦИ 2005)

**5**
Јакупи Силвин (ФК ЛАБУНИШТА 2011)
Каба Лабинот (ФК ВЕЛЕШТА)
Кузмановски Игор (ЗФК НОВАЦИ 2005)

Настевски Тони (ФК ПРЕСПА)
Ставревски Горан (ЗФК НОВАЦИ 2005)
Трифуновски Иве (ФК КРАВАРИ)
Чулупаноски Ристе (ФК ЛАБУНИШТА 2011)

**4**

Велевски Илче (ФК Лисолај 2010)
Велјановски Сашо (ФК КРАВАРИ)
Затуроски Андон (ФК ВУЛКАН)
Максутоски Саим (ФК ЛАБУНИШТА 2011)
Мерко Меритон (ФК ВУЛКАН)
Милески Марјан (ФК КАРАОРМАН)
Станковски Даниел (ФК КРАВАРИ)
Чолески Маријан (ФК ВЕЛЕШТА)
Дема Бесмир (ФК ЛИРИА)

**3**

Глигороски Цветан (ФК КАРАОРМАН)
Даралиовски Оливер (ФК Лисолај 2010)
Ѓорговски Јоцо (ЗФК НОВАЦИ 2005)
Јани Ујкан (ФК КОРАБИ)
Јовановски Александар (ФК КРАВАРИ)
Лаброски Анастас (ФК ВЕЛЕШТА)
Лена Милот (ФК ФЛАМУРТАРИ)
Лога Џафер (ФК ФЛАМУРТАРИ)
Мимини Јетмир (ФК ЛИРИА)
Младеновиќ Иванчо (ЗФК НОВАЦИ 2005)
Насуфи Илирид (ФК ВЕЛЕШТА)
Орани Блеранд (ФК ФЛАМУРТАРИ)
Османи Махмуд (ФК ВЛАЗНИМИ)
Реџеп Енгин (ФК ВУЛКАН)
Рочи Блертон (ФК ЛИРИА)
Трајановски Пеце (ЗФК НОВАЦИ 2005)
Хајруловски Метин (ФК ПРЕСПА)
Хани Ветон (ФК ВЕЛЕШТА)

**2**

Беговски Стефан (ФК КРАВАРИ)
Грданоски Никола (ФК ВЛАЗНИМИ)
Демишоски Омер (ФК ЛАБУНИШТА 2011)
Ѓоргиевски Мартин (ФК КРАВАРИ)
Ѓуровски Виктор (ФК Лисолај 2010)
Етеми Етем (ФК ФЛАМУРТАРИ)
Жута Генци (ФК ВЕЛЕШТА)
Исмаили Аднан (ФК ВЛАЗНИМИ)
Исмаилоски Метин (ФК ПРЕСПА)
Јанакиевски Владе (ЗФК НОВАЦИ 2005)
Јанкуловски Аце (ФК Лисолај 2010)
Јускоски Саим (ФК ЛАБУНИШТА 2011)

И З В Е Ш Т А

ЗА РАБОТАТА НА **КОМЕСАРОТ** ЗА ДЕЛЕГИРАЊЕ СУДИИ И **СУДИСКИОТ ОДБОР** ПРИ

ТРЕТА МФЛ ЈУГОЗАПАД ЗА НАТПРЕВАРУБАЧКА **2014-2015** ГОДИНА

Активноста на Комесарот за делегирање судии и Судисскиот Одбор во текот наизвештајниот период беше насочена кон делегирање на судии и Контроло-ри.За успешно водење на натпреварите беа организирани Семинари за пров-ерка на теоретската и физичката подготвеност во Струга и каде судиите не по-кажаа некоја особена подготвеност на физичката припрема како и телес-ната тежина и на што ќе треба да обрнат многу поголемо внимание,подобро да се подготват бидејќи критериумите се се построги и ќе cѕдат само најпод-готвените и најквалитетните. Исто така и со Контролорите беше одржан Семинар беше извршена проверка на Теоретската подготвеност и добиени беа Упатства за правилно пополнување на Контролорскиот Извештај но од одреден број на контролори не сме задоволни и затоа истите беа и помалку делегирани.За судење на натпреварите во редуцирано првенство со лига од 12 клубови по реорганизацијата на системот за натпревари беа користени судиите од листата на Трета МФЛ Југозапад,а за потешки и дерби натпревари и судиите од листата на ФФМ,како што следува-

Судиите од ОФС Битола биле делегирани на 28 натпревари,Судиитеод ОФС Струга биле делегирани на 46 натпревари,Судиите од ОФС Охрид биле делегирани на 19 натпревари,Судиите од ОФС Ресен биле делегирани на 18 натпревари,Судиите од ОФС М.Брод биле делегирани на 12 натпревари и Судиите од ОФС Д.Хисар биле делегирани на 9 натпревари.Вкупно 132 натпревари.Судиите од листата на Трета МФЛ Југозапад суделе на 105 а судиите од листата на ФФМ на 27 натпревари.Од одиграните 131 натпревар прекинати се три натпревари и тоа во 8 коло Кораби-Велешта прекинат во 86 мин.заради физички напад од гостите на гл.судија ,како и во 11 коло Караор-ман-Влазними прекинат во 80 мин.заради физички напад на гл.судија од гостинските играчи.Во 22 коло е прекинат натпреварот Преспа-Лабуништа во

Преглед на доделени Оценки на АСИСТЕН СУДИИ за Сезона 2014/2015 година

44 мин.откако гостинските играчи го напуштиле теренот.Еден натпревар во 18 коло не е одигран заради непатување на екипата на ФК Вулкан.

На одиграните 131 натпревар судиите доделиле вкупно 343 жолти картони од кои 153 на домашните а 190 на гостите,доделиле 20 црвени картони од кои 7 на домаќините и 13 на гостите.Немаше некои особени забелешки и поплаки за неквалитетно судење за што говорат и доделените оценки од страна на контролорите но во иднина ќе треба да се избегнува можноста да судиите и контролорот бидат од ист ОФС со што ќе се зголеми и објективноста во оценувањето.

Главното судење е оценето како што следува

Оценка 7,9-слабо судење е доделена на 3 судии

Оценка 8,2 е доделена на 8 судии,оценка 8,3 е доделена на 44 судии,оценка 8,4 е доделена на 48 судии,оценка 8,5 доделена на 15 судии и оценка 8,6 на 2 судии,а просечната оценка на Главното судење е Многу Довар 8,35.

Помошното судење е оценето како што следува

Оценка 7,9-слабо судење на 1 судија,оценка 8,2 на 8 судии,оценка 8,3 на 100 судии,оценка 8,4 на 121 судија,оценка 8,5 на 11 судии и оценка 8,6 на 1 судија со просек на помошно судење Мн.Добар 8,35

За ангажираноста на судиите како главни или асистенти може поединачно да се забележи од Прегледот на доделени оценки на судиите и кои се составен дел на Извештајот за работата на Управниот Одбор и неговите Комисии и тела.Вредно е за одбелњжување што немаше откажување на делегирањето за што имав солидна комуникација и соработка со претставниците на ОФС членки на Трета МФЛ Југозапад.Во текот на извештајниов период 8 судии по-лагаатеоретски и практичен дел за стекнување категорија Републички судија Прва категорија меѓу кои и 2 судијки од женскиот пол.Општа е констатацијата дека недостасува млад кадар на судии за што е неопходно секој ОФС да вложи напори за омасовување на судиската организацијасо нови млади судии,да се задолжат постојните инструктори постојано да работаа со нив

Преглед на доделени Оценки на АСИСТЕН СУДИИ за Сезона 2014/2015 година

прекуредовно одржување на предавања за теоретска подготвеност,тренинзи за физичка подготвеност се со цел да се создаде квалитетен судиски кадар и кој ќе може квалитетно да ги суди натпреваарите во наредниот период.Во неколку наврати Судискиот одбор вршејќи анализа на судењето ги користеше и снимките од натпреварите и општ беше впечатокот дека судењето кореспондира со доделените оценки на контролорите.Би се заблагодарил на сите судии кои придонесоа да бидат успешно отсудени натпреварите во МФЛ,Женската лига,Трета МФЛ Југозапад,натпреварите од Кадетска и Пионерска лига во организација на ФФМ,лигата на петлиња и Општинските лиги како и до делегатите и контролорите присутни на натпреварите и кои дадоа свој допринос во квалитетно судење и завршеток на натпреварувањето на задоволство на сите.

Соработката со Комисиите и телата на Трета МФЛ Југозапад Општинските фудбалски сојзи членови на лигата како и Судискиот Комитет при ФФМ каде имаме и свој член и Потпредседател се одбиваше без забелешки.

Трета МФЛ Југозапад

Комесар за делегирање судии

Илир Села с.р.

Преглед на доделени Оценки на АСИСТЕН СУДИИ за Сезона 2014/2015 година

**ТРЕТА МФЛ ЈУГОЗАПАД**

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СТРУГА**

# И З В Е Ш Т А Ј

За работата на Комесарот за натпревари на 3 МФЛ-Југозапад за Пролетниот дел на натпреварувачката 2014/2015 година

Комесарот за натпревари на 3 МФЛ-Југозапад, во изминатиот период одржа 14 седници на кои покрај редовното делегирање и регистрирање на одиграните кола, расправаше и за тековните настанати проблеми врска натпреварите, како и ги решаваше поднесените жалби и пријави од клубовите учесници во лигата. Натпреварите во пролеттниот дел сметам дека не беа добро организирани од страна на клубовите, иако имавме во почетокот на првенството голема неизвесност околу првото место, како и за опстанок во лигата, немавме некои големи проблеми. Во текот на пролеттниот дел на првенството само еден натпревар не се одигра, поточно натпреварот од 18 коло помеѓу ФК Преспа и ФК Вулкан, гостинската екипа не допатува во Ресен поради квар на минибусот, а натпреварот од последното 22 коло, помеѓу ФК Преспа и ФК Лабуништа во Ресен се играше, но не го дочека својот крај поточно беше прекинат во 42 минута откако гостите незадоволни од односот на домашната екипа и клупа, го напуштија натпреварот при резултат 1 : 1. Двата натпревари со склоп на Правлникот за натпреварување на ФФМ, ги регистрирав со службен резултата од 3 : 0, за домашната екипа, ФК Преспа од Ресен. Прет почетокот на првенството одржавме Семинар во Колеџот Јахја Кемал, со делегатите и контролорите на листата во 3МФЛ-Југозапад, на кој беа презентира нови тема од фудбалската игра со примена истата, се изврши и анализа за работата во есенскиот дел. Со воведување на Дополнителниот делегатски извештај сметам дека се направи правилен потег, со што добиваме реална слика за настаните прет, за време и по завршување на натпреварот, истиот функционира беспрекорно.

Максимално бев присутен на натпревари /посебно на дерби и натпреварите со висок ризик/, на кој натпревари лично се уверував во регуланоста и ги следев делегатите во правилноста на нивната работа. Соработката и работата на делегатите на натпреварите можам да ја оценам задоволителна, со исклучок на одредени делегати кои можда несвесно или се со мал респект кон позивот делегат на фудбалски натпревар. Записниците за натпреварите директно се составуваат ОН ЛИНЕ на Комет, секој Фудбалски клуб има свој Комет администратор, кои претходно прет почетокот на првенството ги обучивме и сметам дека истото многу добро функционира како прва сезона, а секој натпревар будно го пратам.

Со Комет системот имаме прекрасна контрола врз лигата од секој аспек, и годинава секој натпревар задолжително се снима и снимката по натпреварот се предава на делегатот или контролорот, снимките се со добар квалитет, на почетокот на оваа одлука тешко се прилагодуваа екипите, но по неколку казнувања све се исправи. Аудио – визуелните снимки во некои спорни натпревари доста ни помогнаа за носење исправни одлуки, затоа снимањето ќе продолжи задолжително и во наредниот период. После секое коло објавувам Билтен на 3мфл-југозапад, на кој се сите регистрирани натпревари, табела, табела на картони, изречени дисцплински мерки, кој Билтен потоа го објавуваме во официјалниот Сајт на третата лига ( **3mfl-jugozapad.com**) кој секој може лесно да симне или прочита. Првак стана екипата на ФК Велешта од с.Велешта, која се здоби со право да учетвува во бараж натпреварите за пополнување на Втората лига на РМ, а на последните места се екипата на ФК Лириа и ФК Вулкан. Во нашиот Регион постоји голем интерес за зголемување на лигата, па екипите преку свој иницијативен Одбор сите потпишани доставија Барање за зголемување на лигата од 12 на 14 екипи, топката е кај раководтсвото на ФФМ. Веб сајтот беспрекорно работи во прилог и функција на фудбалот и фудбалската игра во 3мфл-југозапад.

Со спортскиот весник СПОРТ имаме одлична соработка секој Вторник во неделата имаме прилог за нашиот регион со резултати, состави на екипи, фотографии и слично што е уште еден плус во афирмација и транспарентност во рабоата на истиот.

Мојата работа оставам простор другите критички и самокритички ја оценат и дадат полн придонес за едно уште по регуларно првенство во 3 МФЛ-Југозапад.

**Трета МФЛ – Југозапад**

Комесар за натпревари,

Скендер Таири

ТРЕТА МФЛ ЈУГОЗАПАД

ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СТРУГА

# И З В Е Ш Т А Ј

За работата на Дисциплинскиот комесарот на 3 МФЛ-Југозапад за Пролетниот дел на натпреварувачката 2014/2015 година

Дисциплинската Комисија во изминатиот период одржа 2 седници, заедно со Комесарот за натпревари со кого најповеќе соработував и ги решавав предметите врз основа на неговите пријави. Секогаш Одлуките ги носев врз основа на Дисциплинскиот правилник на ФФМ и секогаш се трудев истите да педагошки делуваат кај клубовите и играчите, а во случај донесената Одлука ако не делуваше поправно бев ригорозен за повторно направени прекршоци.

Во Пролетниот дел на првенството доделени се 7 црвени картони од кои 6 се за добиен втор жолт картон, 1 за директен црвен картон, по пријава во Дополнителен делегатски извештај покрената е постапка и изречени се Дисциплински мерки за 1 фдбалски клуб за слаба оргнизација и за еден фудбалер за недолично понашање, за време и по завшување на натпревар.

Директнитен црвен картон е доделен на еден фудбалер за вреѓање и неспортски однос кон главниот судија. За директен црвен картон ги казнував со 2 натпревари неиграње, се работеше за картони добиени во олиснителни околности а за добиен втор жолт картон автомацка казна од 1 натпревар.

ФК Фламуртари за слаба организација на натпреварот со ФК Новаци парично е казнет со 100 еу, во денарска против вредност, За прекинатиот натпревар од 22 коло помеѓу ФК Преспа и ФК Лабуништа, во тек е постапка се прибираат изјави од фудбалските клубови за настанатиот прекин, следува разврска за неколку дена. По дополнителен делегатски извештај покрената беше и постапка против фудбалерот на ФК Караорман, Клечкароски Николче и истиот беше казнет со последна опомена, за некорекно и вулгарно однесување на фудбалски натпревар и по завршување на истиот.

Воглавном пролеттниот дел беше релативно доста помирен од очекувањата како што спомнав доделен је само 1 директен црвен картон и 6 црвени за добиен втор жолт картон, што укажува на едно доста мирно коретно првенство.

Сметам дека сите мои донесени Дисциплински одлуки се во склад на Дисциплинскиот правилник на ФФМ, и истите се донесени да делуваат педагошки, поучно, за да дадат позитивен баланс во натпреварувањето на 3 МФЛ – Југозапад, што сметам дека казните позитивно делуваа кон сите актери во лигата, не се многу доделени директни црвени картони за една полусезона.

Сите Дисциплински Одлуки се објавуваа редовно на сајтот од 3мфл, во делот Дисциплинска, што нај транспарентно се огледа работата на Комисијата.

3мфл-југозапад

Дисциплинска Комисија

Миле Тановски

Print Close

# odgovor na vase baranje

From: **Natalia Bozhinovska** (natalia.bozhinovska@ffm.com.mk)
Sent: Thursday, May 28, 2015 4:04:26 PM
To: skender_57@hotmail.com (skender_57@hotmail.com)
Cc: Evgenija Milinovik (evgenija.milinovik@ffm.com.mk); Filip Popovski (filip.popovski@ffm.com.mk); Ivana Projkovska (ivana.projkovska@ffm.com.mk)

ПРЕДМЕТ: Одговор по доставено барање

Почитуван,

Во насока на Вашето прашање за водењето во Комет системот, Ве известуваме дека општинските лиги, односно водењето на општинските лиги во комет системот сеуште не е задолжително, како што е случај со Третите лиги, Втората лига и Првата лига.

Ве известуваме дека Вие како Управен одбор на Трета лига треба да работите во согласност со Пропозициите за натпреварување во Третите лиги за натпреварувачката 2014/2015 година во поглед на организацијата на бараж натпреварите за пополнување трета лига сте должни да ги почитувате правилата утврдени во Пропозициите.

Во таа насока сакаме да ве потсетиме на член 43 од Пропозициите за натпреварување во Третите лиги за натпреварувачката 2014/2015 година, во кој е утврдено следното:

*„ Со право да учествува во Трета лига се стекнува фудбалски клуб кој ги исполнил спортските критериуми ( утврден пласман на табела) . „*

Согласно член 46 од Пропозициите за натпреварување во Третите лиги за натпреварувачката 2014/2015 година, е утврдено следното:

*„Секоја Трета лига организира одигрување на бараж натпревари за пополнување на третата лига*

*Во зависност од бројот на ОФС кои територијално припаѓаат на одредена Трета лига во бараж натпревари учествуваат екипите кои обезбедиле пласман на првите две места на конечните табели од сите ОФС (пример за трета лига со 6 ОФС x 2 екипи, вкупно 12 екипи учествуваат во бараж натпреварите) .*

*Екипите по извршениот ждреб играат по еден елиминационен бараж натпревар , победниците се натпреваруваат во понатамошни елиминациони бараж натпревари се до добивање/останување на две екипи кои обезбедуваат пласман во Третата лига.„*

Во ждребот треба да бидат вклучени клубовите кои ви се пријавени од соодветните Општински фудбалски лиги, согласно член 43 од Пропозициите, односно Општинскиот фудбалски сојуз е должен до УО на Третата лига да достави два фудбалски клубови кои согласно пласманот се стекнале со право за учество во Трета лига.

Согласно пропозциите секој ОФС треба да ви даде по два клубови кои ќе учествуваат во бараж

натпреварувањето.

Исклучок од ова правило се прави единствено доколку Општинскиот фудбалски сојуз не пријави клубови или пријави еден клуб за учество во баражите за пополнување на третата лига (во случај кога останатите клубови од некои причини се откажале од учество во бараж натпреварите).

Одговорноста за натпреварувањето во општинската лига (лигата во која одредени клубови се стекнуваат со право на барааж за пополнување на третата лига) е исклучиво на општинскиот фудбалски сојуз, која ја води конкретната општинска лига.

Поради се погоре напоменато Ви укажуваме дека при одлучувањето во целост да ги применувате актите на ФФМ.

**Natalia Bozhinovska**

FFM Sectors Coordinator

FOOTBALL FEDERATION OF MACEDONIA

Bul. ASNOM bb, MK - 1000 Skopje

tel.: +389 (0)2 3129 291

fax: +389 (0)2 3165 448

mob.: +389 (0)71 219 490

www.ffm.mk

www.fanshop.ffm.mk

Доколку се одлучите за печатење, размислете за вашата одговорност во однос на зачувување на животната средина!
Напомена: Информациите содржани во оваа електронска порака можат да бидат ДОВЕРЛИВИ и ПРИВИЛЕГИРАНИ и тие се наменети за користење само од страна на примателот (-ите) наведени погоре. Доколку читателот на оваа порака не е лицето на кое таа му е наменета, Ве информираме дека какво било ширење, дистрибуирање или умножување на оваа комуникација, или кој било дел од нејзината содржина, е строго забрането. Доколку сте ја примиле оваа порака по грешка, Ве молиме да ја препратите до испраќачот и да ја избришете оригиналната порака и сите нејзини копии од Вашиот компјутерски систем.

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

**ТРЕТА ФУДБАЛСКА ЛИГА - ЈУГОЗАПАД**

# ПРОПОЗИЦИИ

за бараж натпреварите за пополнување
на Третата фудбалска лига - Југозапад
за натпреварувачката 2014/2015 година

Струга, мај 2015 година

Врз основа на член 9 став 1 од Правилникот за натпревари, Управниот одбор на Третата фудбалска лига - Југозапад, на состанокот одржан на 16.11.2014 година донесе:

# ПРОПОЗИЦИИ

## ЗА БАРАЖ НАТПРЕВАРИТЕ ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ТРЕТАТА ЛИГИ - ЈУГОЗАПАД ЗА НАТПРЕВАРУВАЧКАТА 2014/2015 ГОДИНА

**ОПШТИ ОДРЕДБИ**

### Член 1

Натпреварувањето во Третите лиги е постојано натпреварување на Фудбалската федерација на Македонија и се одвива на територијален принцип во пет региони .

Седиштата на третите лиги се утврдуваат со Одлука на Управниот одбор на ФФМ.

За 2014/15 година се утврдува натпреварување во пет трети лиги и тоа:

- Трета лига Исток
- Трета лига Запад
- Трета лига Југозапад
- Трета лига Север
- Трета лига Југ

### Член 2

Со бараж натпреварите за пополнување на Третата фудбалска лига - Југозапад раководи Комесар за натпреварување определена од Управниот одбор на Третата лига.

### Член 3

Во натпреварувачката 2014/2015 година бројот на клубови кои ќе учествуваат во бараж натпреварите за пополнување на третите лиги е утврден во Пропозициите за натпреварување на Третите лиги на ФФМ, за натпреварувачката 2014/2015 година, односно во бараж натпревари учествуваат екипите кои обезбедиле пласман на првите две места на конечните табели од сите ОФС, кои територијално припаѓаат на соодветната Трета лига, (**кои имаат организирано Општинска фудбалска лига по Бергеров систем на натпреварување, заведена во Комет системот на ФФМ**).

### Член 4

Натпреварите се играат по елиминационен бараж натпревар, во два круга.
Натпревар трае 2 x 45 минути со пауза на полувремето од 15 минути, во случај на нерешен натпревар веднаш се изведуваат по пет пенали, ако пак не се добие победник се продолжува со неизмениучно изведување на пенали, до конечен победник.

### Член 5

Календарот за натпреварите го носи органот кој раководи со натпреварувањето Комесар за натпреварување на третата лига а го усвојува Управниот одбор на Третата лига .

### Член 6

Распоредот на натпреварување се одредува со ждрепка пред почеток на бараж натпреварите, и тоа во првиот круг ждрепката ќе е диригована да не паднат две екипи од исти ОФС, а во вториот круг ждрепката ќе е слободна (со Одлука на Управниот Одбор).

**Член 7**

Натпреварите во првиот круг ќе се играат на 06 и 07.06.2015, а натпреварите во вториот круг на 13.06.2015 година, на стадиони и сатница кои ќе ги определи организаторот на баражот.

**Член 8**

Клубовите имаат обврска пред почеток на бараж натпреварите а најдоцна до закажаниот термин за извлекување парови (ждреб) до Комисијата за натпревари на Третата лига да достават доказ за уплатена Котизација за бараж натпреварите во износ од 12.000 денари на жиро сметка: 200002626998030 депонент Стопанска Банка АД Скопје, на име ОФС-Струга/ Трета фудбалска лига - Југозапад, цел на дознака: за бараж натпревари.

**Член 9**

Ждрепката за бараж натпреварите се закажува за ден 01.06.2015 година/Понеделник/, со почеток од 17,00 часот, во просториите на ОФС - Струга.

**Член 10**

Во службените простории дозволено е присуство на следниве лица:

- Сите фудбалери заведени во записникот од натпреварот
- Судиите
- Делегатот
- Записничарот(комет администратор)
- Ополномоштени преставници на двата клуба
- Лекари на двете екипи заведени во записникот
- Физиотерапевти на двете екипи заведени во записникот
- Шефови на стручни штабови на двете екипи
- Тренери на двете екипи заведени во записникот
- Тренери на голманите од двете екипи заведени во записникот
- Економите на двете екипи
- Претставници на МВР по процена на делегатот,
- Комесар за безбедност по процена на делегатот
- Членови на противопожарна екипа (за натпревари од висок ризик) кои треба да бидат во своето возило во текот на одигрување на натпреварот).
- две технички лица ( електричар и водоводџија) кои не смеат да бидат во оградениот дел од теренот, освен во случај на итност за што мора да се извести и да даде дозвола делегатот на натпреварот).

Освен за фудбалерите и судиите ,клубот домаќин мора да обезбеди видни ознаки за сите останати лица кои задолжително треба да ги носат на себе.

**Член 11**

Во оградениот дел од теренот дозволено е присуство за следниве лица:

- фудбалерите кои настапуваат,
- резервни фудбалери,
- службените лица заведени во записникот од натпреварот,
- фоторепортери со ознаки,
- деца за фрлање топки еднообразно облечени во дресови или тренерки,
- лица задолжени за медицински носилки,
- спикер за разгласот,
- претставници на МВР и лекарска екипа со кола за прва помош (може да биде

и кола од приватна здравствена организација).

- економи (кои мораат да бидат во близина на просториите на соблекувалните)

**Член 12**

Организаторот на бараж натпреварите задолжително обезбедува:

- табли/печатени бројки за замена на резервните фудбалери и покажување на надоместено време
- две знаменца за помошните судии со димензии: дршка со димензија од 75 сантиметри, платно со димензија 30 x 40 сантиметри со жолта или портокалова боја.
- на повеке места покрај надолжната линија вода за освежување на фудбалерите.

**ЗАПИСНИК**

**Член 13**

Записникот е службен документ за натпреварот.

Записникот се составува во присуство на делегатот на натпреварот, претставници на двата клуба, судиите, контролорот на судење и посебниот контролор доколку е одреден за тој натпревар.

Првата страна од Записникот се составува еден час пред почетокот на натпреварот од страна на лицето овластено да води записник од клубот под надзор на делегатот на натпреварот.

Во записникот на првата страна со потпис на делегатот и со потпис на двата преставника од клубовите се потврдува идентитетот на фудбалерите, лекарскиот преглед и правото на настап на фудбалерите, дозволата за работа во соодветните клубови на тренерите.

Се додека првата страна од записникот не ја потпишат двата преставника на клубовите, делегатот и судијата , натпреварот не смее да започне.

Судијата е должен, пред да се состави записникот, да утврди дали теренот е подобен за игра.

Вториот дел од записникот се составува по завршувањето на натпреварот.

Во вториот дел од записникот судијата со потпис го потврдува резултатот, заменетите фудбалери, стрелците на головите, опоменатите и исклучените фудбалери, службените лица и инциденти.

**Записникот се заклучува во Комет системот од страна на главниот судија по завршување на натпреварот.**

Во случај на технички проблеми Комет администраторот на клубот има обврска да стапи во контакт со Комет администраторот на ФФМ, записникот од натпреварот да го изготви електронски или на друг начин и истиот во оргинална форма да го предаде на делегатот на натпреварот веднаш по завршување на натпреварот.

**СЛУЖБЕНИ ЛИЦА**

**Член 14**

Секој клуб мора да одреди свој претставник кој ќе го претставува на натпреварот.

Претставникот се легитимира со писмено полномошно кое треба да го стави на увид на делегатот на натпреварот пред почеток на натпреварот.

Претставникот на клубот :

- учествува во утврдувањето на идентитетот на фудбалерите,
- го предава составот на екипата и спортските легитимации на фудбалерите на делегатот еден час пред почетокот на натпреварот,
- по составувањето на првата страна од записникот со свој потпис ги гарантира податоците за својата екипа и одговара за евентуални пропусти.
- извршува и други обврски зададени од делегатот во насока на напречено одигрување на натпреварот.

**Член 15**

Натпреварот не може да започне без потребниот број на судии, утврден од Судиската комисија во согласност со правилата на фудбалска игра кој за натпреварувачката година 2014/2015 изнесува - еден главен судија, двајца помошни судии.

**Член 16**

За бараж натпреварите за пополнување на третата фудбалска лига - Југозапад, судии одредуваат овластени лица (комесари) за делегирање на судии одредени од страна на Судиската комисија на Третата лига.

Судиите својата должност ја извршуваат согласно Правилата на фудбалската игра и Правилникот за судии и судење на ФФМ.

**Член 17**

Стручниот штаб на екипата е составен од шеф на стручен штаб, 1помошник тренер, 1 тренер на голмани а по исклучок уште еден помошник тренер, 1 лекар и 1 физиотерапевт .

Шефот на стручниот штаб (во негово отуство помошникот тренер) дава напатствија на фудбалерите за време на натпреварот од место однапред определено за таа цел.

**Член 18**

Делегат - Контролор, на натпревар е претставник на органот кој раководи со бараж натпреварите за пополнување на Третата фудбалска лига - Југозапад.

Делегатот - Контролор го одредува органот кој раководи со натпреварувањето односно Комесарот за натпревари на Третата лига.

Делегатот на натпреварот мора да пристигне 1 (еден) час и 30 минути пред да започне натпреварот.

**Член 19**

Делегатот - Контролор, ги има следните правата и обврски:

-

- да констатира исправност на спортските легитимации и правото на настап на пријавените фудбалери и да ги предупреди преставниците на клубовите за увидени недостатоци и пропусти;
- да ја утврди присутноста на делегираните службени лица на натпреварот;
- да не дозволи отпочнување на натпреварот доколку има присуство на неслужбени лица во просториите и оградениот дел од теренот, а доколку тоа се случи пред, во текот и по завршувањето на натпреварот, истото да го наведе во записникот или дополнителниот извештај;
- по составувањето на првата страна од записникот да им даде по еден примерок на главниот судија, претставниците на екипите и новинарите;
- по завршување на натпреварот во соработка со судиите и преставниците на клубовите учествува и врши надзор на изготвување на втората страна од записникот.
- по завршување на натпреварот, доколку има исклучено или пријавено фудбалер, или било кое службено лице, од истите да земе изјава и неговата спортска легитимација (доколку ја има) и истите да ги достави до надлежните органи на ФФМ заедно со записникот од натпреварот;

- по завршувањето на натпреварот во записникот се произнесува за организацијата на натпреварот и евентуални проблеми, поопширен опис дава во дополнителен делегатски извештај и во рок од 24 часа ги доставува до надлежните органи на ФФМ;

- пред натпреварот да изврши преглед на просториите, игралиштето и оградата на игралиштето и доколку забележи евентуални недостатоци истите да ги евидентира во записник или дополнителниот извештај како и да го извести клубот домаќин за нивно отстранување;

- да следи дали организацијата на натпреварот во целиот тек на натпреварот се одвива согласно Правилникот за натпревари, овие пропозиции и Правилникот за безбедност на ФФМ;

- да воспостави контакт со Комесарот за безбедност на клубот домаќин и со одговорното лице на МВР;

- пред да го состави записникот да утврди дали службените простории се чисти, дали има топла и ладна вода, дали просториите се затоплени ( кога е применливо) дали има електрично осветлување;

- пред да го состави записникот да утврди дали во службените простории, ходниците и оградениот дел од теренот има неслужбени лица и за евентуалните забелешки да ја извести Комисијата за натпревари.

- по барање на еден или двата претставника на клубовите или по сопствен наод должен е во нивно и присуство на судиите, на теренот пред отпочнувањето на натпреварот за време на одгрување на натпреварот и најдоцна 15 минути по завршување на натпреварот да изврши поединечна проверка на идентитетот на фудбалерите;

- по барање на претставниците за евентуален неправилен настап на некој фудбалер да ја земе спортската легитимација и истата да ја достави до Комисијата за натпревари .

- да утврди дали натпреварот е благовремено пријавен кај надлежниот орган за безбедност (МВР).

- да утврди присуство на овластен лекар на домашната екипа и возило за потреба на итна медицинска помош.

- во случај на некоректно навивање од страна на навивачите да интервенира кај претставникот на екипата или комесарот за безбедност на домашната екипа, таквото навивање да престане, доколку се продолжи со неспортско навивање и процени дека е потребно може да побара од главниот судија за определен временски период (имајќи предвид временскиот термин да не дојде до нарушување на одигрувањето на натпреварот) да го запре натпреварот и да побара од претставниците на МВР и домаќинот да се испразни дел од трибината, во повторен потежок случај може да побара од главниот судија да го прекине натпреварот;

- во случај да гостинската екипа носи организирано навивачи, а домаќинот најави дека ќе бара проценување на евентуална направена штета, делегатот во присуство на двајцата претставници има обврска да ја констатира состојбата на трибината каде ќе бидат сместени навивачите (столчиња и друга опрема), пред и по натпреварот и за тоа да се произнесе во записникот,

- да прати кои лица од резервната клупа, за време на натпреварот, неовластено даваат напатствија на фудбалерите за што може да побара од главниот судија истите да ги одстрани од натпреварот без дисциплински последици.

**ПРАВО НА НАСТАП**

**Член 20**

На првенствените натпревари имаат право на настап фудбалери кои стекнале право на настап според Правилникот за регистрации, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ а на денот на натпреварот не се помлади од 17 години.

Со право на настап се стекнуваат и фудбалерите кои на денот на натпреварот наполниле 16 години и имаат специјален лекарски преглед.

Сите клубови учесници во бараж натпреварите за пополнување на Третата фудбалска лига - Југозапад, **не мора да го започнат натпреварот со три (3) фудбалери кои немаат навршено 21 година.**

Во натпреварувањето во Третите лиги не се дозволува право на настап на фудбалери од странство.

Во временски период од 48 часа фудбалерите имаат право да настапат на најмногу 3 (три) полувремиња.

**Член 21**

Фудбалерите кои настапуваат на своите дресови мора да ги носат броевите под кои се заведени во записникот од натпреварот и истите можат да бидат од 1 до 99.

Дресовите на екипите и судиите мора да се со различна боја.

Во случај да екипите излезат со иста боја на дресови гостинскиот тим е должен бојата на дресови да ја промени.

Гостинската екипа должна е да носи два пара дресови со различна боја. Доколку гостинската екипа не носи два пара дресови или и двете бои на дресовите на одговараат за одигрување на натпреварот, домаќинот е должен на гостинската екипа да и даде на располагање еден пар дресови со различна боја од онаа во која што ќе настапува домашната екипа (во присуство на делегатот на натпреварот)

Дресовите од претходниот став по завршувањето на натпреварот, гостинската екипа е должна да ги врати во онолкав број во кој што ги добила од домашната екипа.

**Член 22**

Секој клуб има право на замена на три фудбалери.

## ПОСТАПУВАЊЕ ПО ИСКЛУЧУВАЊЕ НА НАТПРЕВАР

**Член 23**

Секој исклучен фудбалер или отстрането службено лице должно е по завршувањето на натпреварот преку својот преставник на делегатот да му достави писмена изјава, а преставникот да ја достави на делегатот изјавата и спортската легитимација.

Во случај да преставникот е остранет, писмени изјави доставува капитенот на екипата.

Во случај на постапување спротивно од пропишаното во став 1 и 2 од овој член ќе се смета дека исклучените лица се сослушани

Непостапувањето по став 1 и 2 на овој член ќе се земе како отежителна околност при изрекувањето на казна.

Исклучен фудбалер и лице кое не е внесено во записникот а е функционер на клубот не смее да се наоѓа во оградениот дел.

Присуството на лицата од претходниот став во оградениот дел од теренот ќе се смета за присуство на неслужбено лице на терен.

## ОДГОВОРНОСТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ

**Член 24**

По завршувањето на натпреварот и составувањето на записникот организаторот е должен во соработка со Комесарот за безбедност и претставници на органот за безбедност - МВР безбедно да ги испрати гостите и службените лица.

За било каков испад или оштетување на возилата на службените лица и на било која екипа , навивачите од клубот кој ги направил штетите сноси одговорност согласно одредбите на дисциплинскиот правилник.

**Член 25**

Во случај да надлежен орган донесе одлука за преигрување на прекинат натпревар, изречените опомени и црвени картони не се бришат.

## ОРГАН НА НАТПРЕВАРУВАЊЕ

**Член 26**

Сите натпревари во прв степен ги регистрира Комесар за натпреварување на Третите лиги како орган кој ги води бараж натпреварите.

Еднаш регистриран натпревар истиот орган нема право повторно да го регистрира.

Исклучок од правилото од став 2 на овој член е постапување на првостепениот орган во жалбена постапка.

**Член 27**

Органот за натпревари:

- раководи со натпреварувањето во согласност со Правилникот за натпреварување на ФФМ, овие пропозиции како и други акти на ФФМ
- ги спроведува одлуките на Управниот одбор на Третата лига
- го утврдува календарот за натпреварување
- го утврдува распоредот на натпреварите
- ги регистрира натпреварите и одлучува по сите приговори и жалби на одиграните натпревари во прв степен
- води евиденција на опоменати и исклучени фудбалери
- одлучува по барања на клубови за промена на термин и време на одигрување на натпревар,
- го прати и анализира системот на натпреварување и предлага негови измени и дополнувања

## АВТОМАТСКИ КАЗНИ

**Член 28**

Сите доделени картони ќе се исплаќаат по тарифата за третите лиги на ФФМ.

## ПОСТАПКА ПО ЖАЛБА

### Член 29

По завршување на натпреварот незадоволната страна преку својот претставник може да најави жалба во рок од 24 часа по одигрувањето на натпреварот со телеграма, е-маил односно да постапи согласно член 67 од Правилникот за натпревари.

Заинтересиран клуб има право во рок од 48 часа по одигрувањето на натпреварот да достави жалба со образложение.

Сите жалби во два примероци со образложение мора да се доставаат до надлежниот орган за натпреварување со уредно уплатена пропишана такса во рок од 48 часа од денот на одигрување на натпреварот.

Жалбите доставени надвор од предвидениот рок од 48 часа како и жалбите за кои не е уплатена предвидената такса не се земаат во постапка.

По жалбата во прв степен органот за натпреварување мора да донесе одлука во рок од 3 дена од денот на приемот на жалбата.

Еден примерок од жалбата органот за натпреварување мора да достави до обжалената страна која по жалбата треба да се произнесе во рок од два дена од приемот.

Донесената одлука органот за натпреварување ја објавува во службеното гласило на Третата лига и ја доставува до засегнатите страни.

### Член 30

Поради итност во постапувањето, органот на натпреварување може да утврди и пократок рок.

### Член 31

Доколку прво степениот орган не се произнесе по наводите на жалбата во рок од 3 дена од денот на приемот на жалбата се смета дека жалбата е одбиена како неоснована.

### Член 32

Незадоволната страна од донесената првостепена одлука има право на жалба до Комисијата за жалби на Третата лига во рок од три (3) дена од приемот на одлуката донесена од првостепениот орган со уплата на пропишана такса.

Незадоволната страна од недонесената првостепена одлука има право на жалба до Комисијата за жалби на Третата лига во рок од 3 дена по истекот на рокот предвиден во член 38 од овие Пропозиции со уредно уплатена пропишана такса.

Комисијата за жалби одлуката мора да ја донесе во рок од пет дена од денот на приемот на жалбата упатена на одлучување во втор степен.

Одлуката на Комисијата за жалби е конечна.

Второ степената одлука мора да се објави во службеното гласило на Третата лига и да се достави до засегнатите страни.

### Член 33

Доколку во рок од пет дена од денот на доставувањето на второ степената жалба Комисијата за жалби не одлучува ќе се смета дека жалбата е одбиена како неоснована.

**Член 34**

Екипите по извршениот ждреб играат по еден елиминационен бараж натпревар , победниците се натпреваруваат во понатамошни елиминациони бараж натпревари се до добивање/останување на две екипи кои обезбедуваат пласман во Третата лига.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 35**

За се што не е предвидено со овие пропозиции се применуваат одредбите од Правилникот за натпревари на Фудбалската Федерација на Македонија како и Пропозициите за натпреварување во Третите лиги на ФФМ за натпреварувачката 2014/2015 година.

**Член 36**

Овие пропозиции стапуваат во сила со денот на донесување од страна на Управниот Одбор на Третата фудбалска лига - Југозапад.

**Член 37**

Толкување на овие пропозиции дава Управниот Одбор на Третата фудбалска лига - Југозапад.

**Струга**
**30.05.2015 год.**

**Трета МФЛ-Југозапад**
**Претседател,**
Аргетим Асани